**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љупчо Јованов**
**именуван за подрачјето на**
**Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино**
**ул.Цано Поп Ристов бр.44/4**
**тел. 043-417-010**
**ljupcoizv@yahoo.com**

**И.бр. 1207/2023**

Извршителот Љупчо Јованов од Кавадарци, ул.Цано Поп Ристов бр.44/4 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Финансиско друштво ФИНАНСИСКИ КРЕДИТЕН ЦЕНТАР БС ДОО Скопје од Кавадарци со седиште на ул.Илинденска бр.19, засновано на извршната исправа ОДУ бр.562/22 од 21.09.2022 година на Нотар Роза Алексова од Кавадарци, против должникот Божана Ристова од Кавадарци со живеалиште на Бул.Македонија бр.60, за спроведување на извршување во вредност 148.427,00 денари на ден 08.04.2026 година го донесува следниот:

## ЗАКЛУЧОК
## ЗА ТРЕТА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба** со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

**-КП.бр.10654;** дел – 1; викано место – О.НИКОЛОВ; катастарска култура – гз-зпз1; класа - /; во површина од 19м2, запишана во лист Б од Имотен лист.бр.227 за КО Кавадарци,

**-КП.бр.10654**; дел-1; адреса-О.НИКОЛОВ; бр.на зграда/друг објект-1; намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем-Б4; влез-3; кат-ПР; број-/; намена на посебен/заднички дел од зграда-ДП; со внатрешна површина од 16м2;

**-КП.бр.10654**; дел-3; адреса-О.НИКОЛОВ; бр.на зграда/друг објект-1; намена на згр.преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем-Б4; влез-1; кат-ПР; број-1; намена на посебен/заднички дел од зграда-ДП; со внатрешна површина од 20м2; запишана во лист В од Имотен лист бр.227 за КО Кавадарци при Одделение за катастар на недвижности Кавадарци, сопственост на должникот Божана Ристова од Кавадарци со живеалиште на Бул.Македонија бр.60.

Продажбата ќе се одржи на ден **05.05.2026** година во **11:00 часот** во просториите на Извршител Љупчо Јованов од Кавадарци.

Почетната вредност на недвижноста, по предлог на доверителот а утврдена со Заклучок за утврдена вредност И.бр.1207/2023 од 09.12.2025 година, изнесува **24.872,00 евра** во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари: Налог за извршување И.бр.1207/2023 на Извршител Љупчо Јованов од Кавадарци, Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.20/2024 на Извршител Љупчо Јованов од Кавадарци, Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.514/2016 на Извршител Љупчо Јованов од Кавадарци, Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.100/2018 на Извршител Васко Еленов од Кавадарци и Налог за извршување кај пристапување кон извршување И.бр.89/2025 на Извршител Благој Бањански од Неготино.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на сметката на Извршителот Љупчо Јованов од Кавадарци со седиште на ул. Цано Поп Ристов бр.44/4, со сметка број **300040000185110**, депонент на Комерцијална Банка АД Скопје, најдоцна еден ( 1 ) ден пред продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Љупчо Јованов**